**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ**

1. Во Одлуката за височината и начинот на плаќање на надоместокот на трошоците за испитување и жигосување на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/92, 57/93,59/93 и 45/94) во точка 2 зборовите: „најмногу за 30%“се заменуваат со зборовите: „за 50%“.

2. Точка 8 се менува и гласи: „За работен час врз основа на кој се пресметува на доместокот од точка 6 на оваа одлука се плаќа 5% од последната просечна месечна плата за претходната година во Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6216/1
9 октомври 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1654.**
Врз основа на член 19 став 7 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.10.2007 година, донесе.